РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 22-112/2
26.01.2024 год.
РАНКОВЦЕ

Градоначалникот на Општина Ранковце решавајќи по барањето заведено под број 22-1196/1 од 29.11.2023 година за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на подземен линиски вод и базна станица за мобилна телефонија Герман-Пклиште, на дел од к.п.бр.6168/1 КО Герман, Општина Ранковце, врз основа на член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија “бр.32/2020) донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОДОБРУВА Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на подземен линиски вод и базна станица за мобилна телефонија Герман-Пклиште, на дел од к.п.бр.6168/1 КО Герман, Општина Ранковце.
2. Составен дел на ова Решение е Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на подземен линиски вод и базна станица за мобилна телефонија Герман-Пклиште, на дел од к.п.бр.6168/1 КО Герман, Општина Ранковце, со тех.број 0801-563/23 од ноември 2023 година, изработена од Друштво за трговија и услуги „БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ Скопје врз основа на Лиценца за изработување на урбанистички планови бр.0090.

## О б р а з л о ж е н и е

До Општина Ранковце доставено е барање преку информацискиот систем е-урбанизам број на постапка 57409, со број 22-1196/1 од 29.11.2023 година, за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на подземен линиски вод и базна станица за мобилна телефонија Герман-Пклиште, на дел од к.п.бр.6168/1 КО Герман, Општина Ранковце, со тех.број 0801-563/23 од ноември 2023 година.

Градоначалникот на општина Ранковце врз основа на доставениот Предлог од Комисијата за урбанизам формирана со решение бр.08-213/1 од 10.02.2022 година, изврши увид и ги проучи прилозите кон барањето при што утврди дека кон барањето се доставени:

1. Полномошно заверено на нотар Анета Петровска Алексова во Скопје под број УЗП 13071/2022 од 14.09.2022 година.
2. Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на подземен линиски вод и базна станица за мобилна телефонија Герман-Пклиште, на дел од к.п.бр.6168/1 КО Герман, Општина Ранковце, со тех.број 0801-563/23 од ноември 2023 година;
3. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога со деловоден број 0801-53/4 од 04.04.2023 година, изработен од ТКДГУ „ГЕО МРЕЖА“ ДОО Скопје.

4. Известување за електронска заверка на геодетскиот елаборат бр. 1110-15/2023 од 04.04.2023 година.
5. Услови за планирање на просторот со тех.број Y46123 од октомври 2023 година изработени од Агенција за планирање на просторот.
6. Решение за услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање бр. УП1-15 2305/2023 од 08.11.2023 година.

Врз основа на горенаведеното се констатира дека се исполнети условите од член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "бр.32/2020), и врз основа на тоа се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Правна поука:** Против решението на градоначалникот на Општина Ранковце, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

Изработил,
Моме Крстевски

Mome Krstevski

Digitally signed by Mome Krstevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=187325, title=Rakovoditel, sn=Krstevski, givenName=Mome, cn=Mome Krstevski
Date: 2024.01.26 09:05:48 +01'00'

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ * РАНКОВЦЕ *

BORCHE SPASOVSKI

Digitally signed by BORCHE SPASOVSKI
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=166537, title=GRADONACALNIK, sn=SPASOVSKI, givenName=BORCHE, cn=BORCHE SPASOVSKI
Date: 2024.01.26 09:05:03 +01'00'